**Белешка на главниот и одговорен уредник**

Општествените улоги се како мостови на кои се пресретнуваат траекториите на индивидуалните биографии и траекторите на општествените сили. И токму заради тоа тие, според Ралф Дарендорф, се централниот концепт на социологијата. Тие се дефинирани со соодветни норми и се уредени со соодветни општествени институции. Некои од тие улоги ги играме сосема спонтано, а за други се потребни одлуки – наши и на другите. Не само за тоа дали да се прифатат туку и за начинот како да се играат, како да се извршуваат.

Општествените улоги се како оклопи. Тие го ограничуваат просторот за дејствување на единката, но истовремено ја заштитуваат неа и другите од ризиците на волунтаризмот. Во време на длабоки општествени промени покрај тоа што изчезнуваат многу стари институции и улоги и се раѓаат нови, се менуваат и величините на оклопите во чии рамки се вршат веќе етаблираните улоги. Тоа на единката која влегува во дадена улога ѝ остава одреден простор за пројавување на сопствената засебност играјќи ја улогата. Истото важи и за улогата главен и одговорен уредник на „Социолошка ревија“ и начинот на кој јас како нејзин вршител влегов и се однесувам во тој оклоп.

Здружението на социолозите на Република Македонија (ЗСМ) ме избра за вршител на улогата главен и одговорен уредник на списанието „Социолошка ревија“ во февруари, а улогата официјално ја презедов во јуни 2019 година. Овој број на „Социолошка ревија“ излегува скоро година и пол по изборот и година дена по формалното преземање на улогата. Тоа е резултанта од заемното дејствување на тие две траектории – мојата индивидуална (лична и професионална) и онаа на институциите кои ја дефинираат улогата главен и одговорен уредник на „Социолошка ревија“: ЗСМ и Институтот за социологија, а заедно со него и Филозофскиот факултет.

Излегувањето на овој број на „Социолошка ревија“ се случува по неколкугодишната пауза до која дојде поради сплет случувања во рамките на Институтот, а кои се одраз на општествениот контекст во кој ние како социолози ги извршуваме своите професионални улоги на универзитетски професори. Многу општествени сили дејствуваат во насока на редефинирање, ако не на поткопување на професионалните стандарди и аспирации на сите нас. Тоа повратно се одразува на иднината на самите институции од кои произлегуваат нашите професионални улоги. Во такви услови одржувањето на институциите, вклучувајќи ја и „Социолошка ревија“ како еден од столбовите

на професионалниот идентитет и интегритет на социолозите кај нас бара дополнителни напори.

Затоа, им благодарам на колегите застапени во овој број на „Социолошка ревија“. Не се многу на број, но се интересна спрега меѓу искусни и докажани автори и помлади и истражувачки помотивирани социолози…

Претходниот параграф не го доврших, поради шестдневниот прекин на сите вообичаени улоги и активности, а како последица на кризата и вонредната состојба во земјата која беше прогласена како последица од ширењето на корона вирусот (Covid 19) во нашата земја. Ја продолжувам уредничката забелешка само со единствена цел, да продолжиме со тоа што го сметаме за нормално и во вакви ненормални околности. Да ја одржиме „*Социолошка ревија*“ како прилог кон одржување на општеството и покрај сите ризици и предизвици по неговото конституирање. Го пуштам овој број во понатамошна обработка со надеж дека наредниот број ќе го подготвуваме во подобри и помалку ризични услови.

Ило Трајковски